# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2881.**

Врз основа на член 227 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 6.9.2012 година, донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РМ

Член 1

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на РМ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/2010, 94/2011 и 174/2011), во член 1 во табелата „Други приходи“, точката под реден број 2 се менува и гласи „Надомест за разгледување и одлучување по поединечно барање за одобрение за издавање на акции поднесено заради претворање на побарувањата на Република Македонија во траен влог“.

Член 2

Овој Тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 03-1809/4
6 септември 2012 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2882.**

Врз основа на член 136 став (7) и (8), член 138 став (6), член 139 став (2) и член 144, од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12 и 80/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА НА ПИЛОТИТЕ НА УЛТРАЛЕСНИТЕ ЛЕТАЛА (МИКРОЛЕСНИТЕ) И МОТОРИЗИРАНИТЕ КРИЛА

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволите и овластувањата на пилотите на ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07) Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1255/1
6 септември 2012 година
Скопје

Директор,
д-р **Дејан Мојсоски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
CIVIL AVIATION AGENCY

**ДОЗВОЛА ЗА ПИЛОТ НА УЛТРАЛЕСНО ЛЕТАЛО**
**ULTRALIGHT PILOT LICENCE**

ИЗДАДЕНА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО
ISSUED IN ACCORDANCE WITH AVIATION ACT

**ЗАБЕЛЕШКИ - ОГРАНИЧУВАЊА /**
*REMARKS - RESTRICTIONS :*

**Важност на дозволата** / *Period of validity*

| **Важи од датум /** *Valid from :* | **Важи до датум /** *Valid until:* | **Потпис на овластено лице и печат /** *Signature and seal:* |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | |
|---|---|
| I | **Издадена од држава/**<br>*State of issue:* |
| III | **Број на дозволата/**<br>*Licence number:* |
| IV | **Презиме и име на сопственикот/**<br>*Last and first name of holder:* |
| XIV | **Датум и место на раѓање/**<br>*Date and place of birth:* |
| V | **Адреса/**<br>*Address:* |
| VI | **Државјанство/**<br>*Nationality:* |
| VII | **Потпис на сопственикот/**<br>*Signature of holder:* |
| VIII | **Орган што ја издава/**<br>*Issuing authority:* |
| X | **Потпис на службено лице и датум/**<br>*Signature of issuing officer and date:* |
| XI | **Печат или сув жиг/**<br>*Seal or stamp of issuing authority:* |

| | |
|---|---|
| II | **Вид на дозвола** / **Датум на прво издавање/ Почетно издадена од**<br>*Title of licence* *Date of initial issue* *Authority of initial issue* |
| IX | **Валидноста на дозволата мора да се продолжи не подоцна од:**<br>*Validity: This licence is to be reissued not later than :* ______<br><br>**Правата од дозволата можат да се практикуваат само ако сопственикот има важечко лекарско уверение најмалку класа 2. Документ кој што содржи фотографија треба да се носи заради идентификација на сопственикот на дозволата.**<br><br>*The privileges of the licence shall be exercised only if the holder has a valid medical certificate at least class 2. A document containing a photo shall be carried for the purposes of identification of the licence holder.* |
| XII | **Воздухопловна радио телефонија** / *Radio telephony privileges:*<br>**Сопственикот на дозволата покажа знаење по воздухопловна Р/Т на /**<br>*The holder of this licence has demonstrated competence to operate R/T equipment on board in :*<br>**- Македонски јазик** /<br>*Macedonian language:* ______<br>**- Англиски јазик** /<br>*English language:* ______ |
| XIII | **Забелешки** / *Remarks* |

| **Класа на летало и/или овластување /**<br>*Class of ultra light and/or endrosement* | **Издадено на ден /**<br>*Date of issue* | **Печат - потпис /**<br>*Seal - Signature* |
|---|---|---|
| **Ултралесен авион /**<br>*Fixedwing Ultralight Airplane* | | |
| **Ултралесно летало тежински управувано /**<br>*Weight Controlled Ultralight* | | |
| **Парамотор /**<br>*Paramotor Trike (Paraplane)* | | |
| **Ултралесен хеликоптер /**<br>*Ultralight Helicopter* | | |
| **Утралесен жирокоптер /**<br>*Ultralight Gyroplane (Autogyro)* | | |
| **Ултралесна едрилица /**<br>*Ultralight Glider (UL - Sailplane)* | | |
| **Моторизиран змај /**<br>*Powered Hang Glider* | | |
| **Моторизиран параглајдер /**<br>*Powered Paraglider* | | |
| | | |
| | | |
| **Инструктор/**<br>*Instructor* | | |
| | | |
| | | |